**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Ул. “Македонија“ бр. 5, 1000 Скопје** | тел. **02/3 218 130** факс. **02/3 218 131** | **contact@ssrm.mk**
**Rr. ”Makedonija” nr. 5, 1000 Shkup** | tel. **02/3 218 130** faksi. **02/3 218 131** | **contact@ssrm.mk**

Бр. 02-110/23

СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К
## од 455-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Скопје, 26-ти септември 2023 година**

Седницата се одржа на ден: 26.09.2023, вторник во 10:55 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Сашко Георгиев**, претседател;
- **Ханиф Зендели** заменик претседател;
- **м-р Антоанета Димовска**, член;
- **Мери Радевска**, член;
- **Лорета Горгиева**, член;
- **Ивица Николовски**, член;
- **Весна Дамева**, член;
- **м-р Миљазим Мустафа**, член;
- **Павлина Црвенковска**, член;
- **м-р Селим Адеми**, член;
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, член.

Отсутни членови:

- **Мирсад Суроји**, член *(известил за отсуството)*;
- **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд *(отсуствува поради службени обврски)*;
- **Кренар Лога**, министер за правда *уредно поканет, но не известил за причините за отсуство)*.

Присутни од стручната служба:

- **Емилија Николиќ**, државен советник;
- **Ален Раденковиќ**, помлад соработник;
- **Александра Шоптрајанова**, самостоен референт.

Седницата е отворена за јавноста и се констатира дека има присуство на медиумите и друга поширока јавност.

Согласно чл.8 ст.1 од Законот за Судскиот совет Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот Сашко Георгиев.

Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата го изложи предлог Дневниот ред за 455-та седница, со предлог истиот да се измени на следниот начин: По точка 9 да се додаде нова точка - „Престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија".

Во продолжение претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и предложи точката под реден број 7 да се изземе од денешно разгледување, од причина што видно е дека претседателот на Комисијата од оправдани причини денес не е присутен на седницата и во негово отсуство не е својствено да се расправа по точката. Од тие причини предлага да истата се изземе од денешната расправа и на една од наредните седници се стави на дневен ред.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека бидејќи се работи за извештај изготвен врз основа на изјава која самата ја поднела, се согласи со предлогот на колегата Ивица. Истакна дека смета дека треба да биде присутен генералниот секретар, кој бил и претседател на Комисијата. Укажа дека ќе произлезат и прашања до претседателот на Комисијата и не е во ред во нејзино отсуство денес се расправа по точката. Предложи да биде предмет на разгледување на некоја друга седница, дури предлага да биде исклучена јавноста за точката и оттука треба да произлезат некакви заклучоци што понатаму.

Откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор претседателот на Советот Сашко Георгиев предлог измените на Дневниот ред предложени од членот на Советот Ивица Николовски ги стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За" и ниту еден глас „Против" предлогот е усвоен.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и предложи точката под реден број 5, Анализа на потребни судиски места исто да биде тргната од расправање на седницата, зашто до претседателот на Советот има доставено писмени дописи со образложение од кои причини смета дека така како што е мериторно водено дека треба да биде вратена назад на Комисијата на доработка, па тек после да биде ставена на разгледување.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека Анализата одговара на реалната состојба, барем судовите кои и се добро познати и не гледа зошто би се повлекла во ситуација кога е нужно потребно што повеќе да се има претстава за состојбата реална во судовите и потребата од судиски места. Укажа дека Анализата ја имаат подолго време на увид и секој што има забелешка, сугестија,

дополнување може тоа на седница да го каже, па да се гласа за измена на тој извештај. Посочи дека од таа причина не е за повлекување на точката.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека сите комисии се формирани по пат на ждрепка и бројат три члена. Комисијата не е нова комисија и работела во состав претседателот на Советот Сашко Георгиев, членот на Советот Лорета Горгиева и членот на Советот Миљазим Мустафа. Укажа дека нејзе како член на Комисијата и било оневозможено да допринесе и работи. Смета дека денес не е место да се аргументира и да се дадат докази надвор од веќе изработена Анализа. Посочи дека нити учествувала, нити и е дадена можност да се произнесе.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека како претседател на Комисијата смета дека не треба да се повлече точката, бидејќи Комисијата е формирана на 20.02.2023 година, најнапред во друг состав, потоа е промент членот на Комисијата, односно претседателот на Комисијата. Укажа дека изминатиот период се работело интензивно со цел да се излезе со некои конечни резултати, бидејќи е неопходна судската мрежа, како за судови, така и за судска администрација. Посочи дека успеано е во дел да се заврши, бидејќи се одржани неколку состаноци, прибрани се сите податоци кои биле релевантни за Анализата и затоа треба час поскоро да се дефинира процесот, а ќе трае бидејќи следува и судската мрежа за основните судови и за администрација, така да секое друго пролонгирање нема да биде во интерес и на судовите и на Судскиот совет.

Откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор претседателот на Советот Сашко Георгиев предлог измените на Дневниот ред предложени од членот на Советот Лорета Горгиева ги стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со ниту еден глас „За“ и 11 гласа „Против“ предлогот не е усвоен.

Во продолжение предлог измените на Дневниот ред предложени од претседателот на Советот Сашко Георгиев се ставија на гласање.

По гласањето се констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“е усвоен следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на:

- Записник од 443-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 29.05.2023 година и продолжение од 05.06.2023 година;
- Записник од 446-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 29.06.2023 година;
- Записник од 450-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 25.07.2023 година
- Записник од 451-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 27.07.2023 година

2. Избор на судии во Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје;

3. Донесување на одлуки за престанок на функцијата судија поротник, по сопствено барање;

4. Одлучување по барање од судија за патни трошоци;

5. Разгледување на анализа на потребни судиски места во Врховен суд на РСМ, Виш управен суд, Апелационен суд Скопје, Апелационен суд Битола, Апелационен суд Гостивар и Апелационен суд Штип;

6. Донесување на Одлука за објавување Оглас за избор на 2 (двајца) судии на Апелационен суд Штип за граѓанска област;

7. Разгледување на Извештај од работна посета на Апелационен суд Гостивар;

8. Донесување на Одлука за објавување на оглас за избор на претседатели на Виш управен суд, Основен суд Берово, Основен суд Делчево и Основен суд Крушево;

9. Престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија;

10. Формирање на Комисија на известители по поднесени барања за утврдување одговорност на судија/претседател на суд и

11. Разно.

**Точка 1**

(Усвојување на: Записник од 443-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 30.05.2023 година и продолжение од 05.06.2023 година; Записник од 446-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 29.06.2023 година; Записник од 450-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 25.07.2023 година и Записник од 451-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 27.07.2023 година)

● Претседателот на Советот Сашко Георгиев, отвори расправа по Записник од 443-та седница на Судскиот совет на РСМ од 30.05.2023 година и продолжение од 05.06.2023 година .

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека записникот неколку пати е корегиран и сега да не се враќа, замоли во иднина заради воедначеност на записниците, што е многу важно, да се внимава на редоследот по којшто се пишувани, посебно кога има претставки. Укажа дека овој записник е за претставки и до некаде оди како што течела седницата, се реферира претставката, се отвара расправа по претставката и има сутуација каде што има гласање и нема одлука, а потоа има 4-5 претставки, па одлука за донесени 4-5 претставки одеднаш. Посочи дека

се знае како течат седниците кога има претставки. По отворената расправа има или гласање ако има предлог или нема гласање, но кога има гласање се носи одлука веднаш по гласањето. Кога нема расправа тогаш се оди на наредна претставка, па потоа се гласа по предлогот, што значи дека сме се сложиле со предлогот на известителот ако нема расправа. Замоли да се запази зашто е битно за да се добие претстава како течела седницата.

Откако констатира дека никој повеќе не се јави за збор претседателот на Советот Сашко Георгиев првиот дел од записникот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа - „За" и ниту еден глас „Против"првиот дел од записникот е усвоен.

Во продолжение претседателот на Советот Сашко Георгиев вториот дел од записникот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 8 гласа - „За" и ниту еден глас „Против"вториот дел од записникот е усвоен.

● Претседателот на Советот Сашко Георгиев, отвори расправа по Записник од 446-та седница на Судскиот совет на РСМ од 29.06.2023 година.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** наведе дека на посочената седница не била присутна и нема да гласа, меѓутоа истакна забелешка на стр.26 од записникот да се избрише ст.2, бидејќи таму повторно е констатирано нејзиното отсуство, а во воведот веќе биле констатирани причините поради кои била отсутна.

Откако констатира дека никој повеќе не се јави за збор претседателот на Советот Сашко Георгиев записникот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа - „За" и ниту еден глас „Против" записникот е усвоен со констатираните забелешки.

● Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа по Записник од 450-та седница на Судскиот совет на РСМ од 25.07.2023 година година.

Откако констатира дека никој не се јави за збор записникот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За" и ниту еден глас „Против" записникот е усвоен без измени и дополнувања.

● Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа по Записник од 451-та седница на Судскиот совет на РСМ од 27.07.2023 година година.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека била присутна на дел од седницата, така да ќе гласа за содржината, односно за усвојување на записникот се до моментот додека била присутна.

Откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор записникот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ записникот е усвоен без измени и дополнувања.

*Напомена: Членовите на Советот кој не присуствувале на предметните седници, не учествуваат во гласањето за предметните записници.*

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е исцрпена 1-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 2-та точка од Дневниот ред.

**Точка 2**

(Избор на судии во Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје)

● По повод 2-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на членот на Советот Миљазим Мустафа во својство на известител.

За збор се јави членот на Советот **Миљазим Мустафа** и наведе дека Судскиот совет на Република Северна Македонија објави оглас бр.09-1544/2 и бр.09-1552/1 од 28.07.2023 во „Службен весник на РСМ“ Бр.168/23 од 08.08.2023 година и тоа: за избор на 2 (двајца) судии на Основен суд Берово, за избор на 2 (двајца) судии на Основен суд Делчево, за избор на 3 (тројца) судии на Основен граѓански суд Скопје, за избор на 3 (тројца ) судии на Основен суд Кичево, за избор на 3 (тројца ) судии на Основен кривичен суд Скопје, за избор на 2 (двајца) судии на Основен суд Крушево, за избор на 1 (еден) судија на Основен суд Куманово, за избор на 2 (двајца) судии на Основен суд Охрид, за избор на 6 (шест) судии на Основен суд Прилеп, за избор на 2 (двајца) судии на Основен суд Радовиш, за избор на 3 (тројца) судии на Основен суд Струга и за избор на 1 (еден) судија на Основен суд Свети Николе.

Комисијата формирана со Одлука на Советот бр.09-711/3 од 31.03.2023 година, во состав: Мирсад Суроји-претседател на Комисијата и Лорета Горгиева, Сашко Георгиев, м-р Миљазим Мустафа и Павлина Црвенковска, членови на Комисијата, за рангирање на кандидатите за судии од Академијата за судии и јавни обвинители констатираше дека пристигнати се вкупно 12 пријави, и тоа 7 пријави за Основен граѓански суд Скопје и 5 пријави за Основен кривичен суд Скопје.

Комисијата констатираше дека нема пријавено кандидати за Основен суд Берово, Основен суд Делчево, Основен суд Кичево, Основен суд Крушево, Основен суд Куманово, Основен суд Охрид, Основен суд Прилеп, Основен суд Радовиш, Основен суд Струга и Основен суд Свети Николе.

Комисијата констатираше дека 2 пријави се поднесени од кандидат кој нема завршено обука во Академијата за судии и јавни обвинители.

Се констатираше дека останатите 10 пријави се навремено доставени до Судскиот совет и комплетирани со документација согласно закон, кандидатите имаат завршено обука во Академијата за судии и јавни обвинители, имаат положено психолошки тест и тест за интегритет, имаат и познавање од практична работа со компјутери, па Комисијата врз основа ги предлага следните Предлог ранг листи: за Основен граѓански суд за избор на 3 (тројца) судии: Митреска Ирена, Илиовска Драгана

и Томиќ Велкоски Сања и за Основен кривичен суд за избор на 3 (тројца) судии: Миланова Лиљана, Сековски Влатко и Митреска Надица.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот за избор на судии на Основен граѓански суд Скопје го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е спроведено гласањето.

Во продолжение претседателот на Советот Сашко Георгиев извести дека согласно чл.50 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија „Кога Советот избира судија и претседател на основен суд и апелационен суд кој се наоѓа на подрачје на единица на локална самоуправа каде што 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот, одлучува согласно со членот 49 од овој закон, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија“.

Во таа насока, претседателот на Советот Сашко Георгиев побара да гласаат членовите на Советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија.

По гласањето констатира дека едногласно, со 4 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ гласале членовите на Советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека се донесени следните одлуки:

1. О Д Л У К А
ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА
ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ

за судија на Основен граѓански Суд Скопје е избран/на:

1. Ирена Митреска - кандидат од Академијата за судии и јавни обвинители.

Оваа одлука ќе стапи во сила по правосилно завршување на постапката и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

2. О Д Л У К А
ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА
ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ

за судија на Основен граѓански Суд Скопје е избран/на:

1. Драгана Илиовска - кандидат од Академијата за судии и јавни обвинители.

Оваа одлука ќе стапи во сила по правосилно завршување на постапката и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

### 3. О Д Л У К А
### ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА
### ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ

за судија на Основен граѓански Суд Скопје е избран/на:

1. Сања Томиќ Велкоски - кандидат од Академијата за судии и јавни обвинители.

Оваа одлука ќе стапи во сила по правосилно завршување на постапката и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

По донесената одлука согласно чл.49 ст.3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија секој од присутните членови на Советот со право на глас усно на седница на Советот ја образложи својата одлука за избор на судија.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека гласал за колегите за избор на судии во Граѓански суд од причина што истите се завршени Академци, од друга страна го поминале тестот за интегритет и психолошкиот тест спроведен преку Судскиот совет и спроведеното интервју од страна на Комисијата. Посочи дека за сите генерално како млади колеги кои стануваат судии се очекува многу, а воедно покажале дека се спремни како веќе избрани судии дека ќе се носат со предизвикот. Искрено им честита и како нова млада генерација очекува истите да покажат соодветни резултати.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека гласала за кандидатите затоа што тие се јавиле на огласот за предметниот суд, се со завршена Академија и ги исполнуваат условите.

За збор се јави членот на Советот **Антоанета Димовска** и наведе дека гласала за кандидатите од причина што покажале солидни резултати, ги исполнуваат сите услови и нема дилема дека треба да бидат избрани.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека им честита на новоизбраните кандидати. Смета дека од прв до последен, сите предложени кандидати за избор од страна на Академијата, како на претходниот оглас, така и сега ги исполнуваат сите услови, оставиле слика дека како идни судии навистина ќе може да одговорат и стручно и со лични вредности на новата функција на која сега се бираат. Се заблагодари и честиташе уште еднаш.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и наведе дека гласал за кандидатите за кои веќе е донесена одлука дека се нивни колеги - судии, од причина што кандидатите во реализирање на нивната желба да бидат професионалци, односно судии во РСМ, поминале процес, поминале пат и покажале и докажале по сите правилници, по сите критериуми, тестирања дека ги исполнуваат условите како личности, како правници дека можат да ја извршуваат судиската функција. Многу е надежен дека има квалитни

кадри, луѓе, колеги, судии коишто достоинствено, со интегритет и квалитет ќе продолжат да ја обавуваат функцијата судии на РСМ.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека е особено драго што е заокружен процесот за избор на кандидатите од Академијата. Укажа дека со тоа Судскиот совет покажал ажурност, од една страна, а од друга страна Граѓанскиот и Кривичниот суд веќе добиле Академци, нови судии, кадри полни со верба, ентузијазам кои ќе може да помогнат во целокупната ажурност на судот. Посочи дека драго е што бодовите од Комисијата од спроведеното интервју се во корелација со бодовите од успех од Академијата, што значи дека нема поместување во тој дел и од страна на Комисијата забележани се идентични показатели, така да редоследот не е поместен. Нагласи дека се надева дека целата обука што е помината во Академијата, претходното нивно образование и нивниот интегритет ќе дадат голем придонес во судството.

За збор се јави членот на Советот **Миљазим Мустафа** и наведе дека гласал „За“. Укажа дека бил дел од процесот на нивниот избор како член на Комисијата која го спровела интервјуто. Посочи дека е задоволен од нивната подготовка и спремност и се надева дека ќе бидат добро засилување и ќе придонесат за достоинствено вршење на судиската функција.

За збор се јави членот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека гласал „За“ Академиците и им честита за изборот.

За збор се јави членот на Советот **Павлина Црвенковска** и наведе дека учествувала и во интервјуто на кандидатите. Укажа дека покрај покажаните резултати извршено е и рангирање за нивен избор во Основниот граѓански суд врз основа на освоените бодови што ги имале во Академијата и врз основа на личниот впечаток што го има од интервјуто смета дека ќе ја исполнуваат функцијата судии во Граѓанскиот суд.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека им честита на Академците за кои е гласано да станат судии во Основниот граѓански суд Скопје. Укажа дека гласала за нив затоа што тоа се Академци кои со одлични резултати ја завршиле Академијата за судии и јавни обвинители и добро се котирале на ранг листата што била добиена од страна на Академијата. Искрено им посака многу успех во нивната работа и посочи дека очекува да покажат резултати и со тоа на некој начин да се залечи лошата состојба која ја има во судовите по однос на немање на судии во основните судови и нагласи дека се надева дека тоа многу ќе помогне во иднина. Уште еднаш им честита на избраните колеги.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** и наведе дека исто така гласал „За“. Укажа дека новоизбраните судии ќе бидат на испомош на судот каде се избрани, со надеж дека ќе продолжат да ги исполнуваат своите задачи и законито да ја вршат својата работа.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот за избор на судии на Основен кривичен суд Скопје го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е спроведено гласањето.

Во продолжение претседателот на Советот Сашко Георгиев извести дека согласно чл.50 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија „Кога Советот избира судија и претседател на основен суд и апелационен суд кој се наоѓа на подрачје на единица на локална самоуправа каде што 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот, одлучува согласно со членот 49 од овој закон, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија“.

Во таа насока, претседателот на Советот Сашко Георгиев побара да гласаат членовите на Советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија.

По гласањето констатира дека едногласно, со 4 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ гласале членовите на Советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека се донесени следните одлуки:

## 1. О Д Л У К А
## ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА ОСНОВНИОТ КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ

За судија на Основниот кривичен суд Скопје е избрана:

1. Лиљана Миланова-кандидат од Академијата за судии и јавни обвинители;

Оваа одлука ќе стапи во сила по правосилно завршување на постапката и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## 2. О Д Л У К А
## ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА ОСНОВНИОТ КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ

За судија на Основниот кривичен суд Скопје е избран:

1. Влатко Сековски-кандидат од Академијата за судии и јавни обвинители;

Оваа одлука ќе стапи во сила по правосилно завршување на постапката и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## 3. О Д Л У К А
## ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА ОСНОВНИОТ КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ

За судија на Основниот кривичен суд Скопје е избрана:

1. Надица Митреска-кандидат од Академијата за судии и јавни обвинители;

Оваа одлука ќе стапи во сила по правосилно завршување на постапката и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

По донесената одлука согласно чл.49 ст.3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија  секој од присутните членови на Советот со право на глас усно на седница на Советот ја образложи својата одлука за избор на судија.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека врз основа на истата процедура, со оглед дека станува збор за завршени кандидати на Академијата, каде е успешно спроведен психолошки и тест за интегритет, успешно е спроведено и интервју, каде се и оценети од страна на Комисијата останува нивниот избор согласно ранг листата. Им посака среќа и укажа дека очекуваат многу од овие млади и нови колеги. Посочи дека со ова се заокружува целиот процес на изборот на Академци и смета дека со успех и во прилично кратко време се е завршено.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека им честита на колегите. Укажа дека ќе придонесат во работата на судот. Посочи дека Судскиот совет распишал оглас за избор на судии во Основниот граѓански суд и Основниот кривичен суд, избраните кандидати се јавиле на огласот и ги исполнуваат условите и од тие причини гласала „За“.

За збор се јави членот на Советот **Антоанета Димовска** и упати честитки до сите новоизбрани колеги. Наведе дека останува на кажаното за избраните колеги во Основниот граѓански суд и им посакува успешна работа и пред се добро здравје.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и упати честитки до кандидатите. Наведе дека како и останатите, така и овие кандидати оставиле силен впечаток на Комисијата која вршела интервју и верува дека како иднината на нашето судство ќе имаат сила и да ја качат довербата во судството.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и наведе дека гласал „За“ колегите од исти причини како и за претходните. Укажа дека и овие колеги во реализацијата на својата желба да бидат судии го поминале целокупниот процес и проверки од повеќе органи, меѓу кои и посебната Комисијата на Судскиот совет. Посочи дека истите имаат постигнато видливи резултати и за што е формирана и конечна ранг листа, така да ги исполнуваат сите услови и нема причина да не бидат избрани за судии. Нагласи дека дека надежта е голема со покажаниот квалитет од процесот дека судиската

должност ќе ја извршуваат совесно, одговорно, чесно и законито. Им честита на избраните кандидати.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе како не би се повторувала, кажаното за избраните судии во Основен граѓански суд идентично важи и за Основен кривичен суд. Посочи дека ќе ја изрази својата длабока надеж овие млади судии, што потекнуваат од Академијата, дека доволно внимание посветиле за совесноста, одговорноста и чесноста, па така и ќе ја извршуваат својата функција, покрај законитоста.

За збор се јави членот на Советот **Миљазим Мустафа** и наведе дека гласал „За" кандидатите за кривичен суд. Укажа дека со тоа се заокружува процесот на избор на Академци за оваа генерација. Им посака среќа и успех.

За збор се јави членот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека гласал „За" тројцата последни кандидати и немало причина зошто да гласа против.

За збор се јави членот на Советот **Павлина Црвенковска** и наведе дека гласала „За" Академците со завршена Академија. Укажа дека рангирањето е извршено согласно освоените бодови и дадените бодови до интервјуто и со тоа се заокружува целиот процес на избор на Академци за судии од оваа генерација.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека гласала „За" од истите причини како и за дипломците кои биле избрани во Основниот граѓански суд. Им честита на колегите со желба за успешна работа.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** и наведе дека исто така гласал „За". Укажа дека се заокружува целиот избор на Академците, што значи дека имаат избрано триесетина судии, а тоа претставува 10% од целокупниот број на судии во државата. Посочи дека се надева дека истите ќе дадат придонес во надминување на застојот што го има во судството. Посака да продолжат успешно да работат и изрази честитки.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е исцрпена 2-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 3-та точка од Дневниот ред.

## Точка 3

(Донесување на одлуки за престанок на функцијата судија поротник, по сопствено барање)

● По повод 3-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на членот на Советот Ивица Николовски во својство на координатор.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и наведе дека претседателот на Основниот граѓански суд Скопје со допис Су-03-982/23 од 13.09.2023

година, заведен во Судскиот совет под број 03-1788/1 од 14.09.2023 година, достави предлог до Советот судиите-поротници Драгана Трајчевска и Каролина Мијакоска да бидат разрешени од функцијата, по нивно сопствено барање. Во прилог на дописот доставени се и барањата на судиите-поротници Драгана Трајчевска и Каролина Мијакоска да бидат разрешени од функцијата.

Истакна дека по разгледување на предлогот на претседателот на Основниот граѓански суд Скопје и доставените лични барања на судиите-поротници Драгана Трајчевска и Каролина Мијакоска да бидат разрешени од функцијата, констатира дека се исполнети условите за разрешување на судиите-поротници, согласно чл.80 ст.1 ал.1 од Законот за судовите, поради што предложи да се донесе одлука за разрешување на судиите поротници Драгана Трајчевска и Каролина Мијакоска од функцијата судија-поротник.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа и откако никој не се јави за збор констатира дека предлогот е усвоен и донесена е следната:

О Д Л У К А

На Драгана Трајчевска и Каролина Мијакоска, судии поротници на Основен граѓански суд Скопје им престанува функцијата судија поротник, по сопствено барање.

По повод следната потточка од дневниот ред претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на членот на Советот Мери Радевска во својство на координатор.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека претседателот на Основниот кривичен суд Скопје со допис 03-Су.бр.356/23 од 13.09.2023 година, заведен во Судскиот совет под број 02-1821/1 од 18.09.2023 година, достави предлог до Советот судијата-поротник Елизабета Митковска да биде разрешена од функцијата, по нејзино сопствено барање. Во прилог на дописот доставено е и барањето на судијата-поротник Елизабета Митковска да биде разрешена од функцијата.

Истакна дека по разгледување на предлогот на претседателот на Основниот кривичен суд Скопје и доставеното лично барање на судијата-поротник Елизабета Митковска да биде разрешена од функцијата, констатира дека се исполнети условите за разрешување на судијата-поротник, согласно чл.80 ст.1 ал.1 од Законот за судовите, поради што предложи да се донесе одлука за разрешување на Елизабета Митковска од функцијата судија-поротник.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа и откако никој не се јави за збор констатира дека предлогот е усвоен и донесена е следната:

О Д Л У К А

На Елизабета Митковска судија поротник на Основен кривичен суд Скопје и престанува функцијата судија поротник, по сопствено барање.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е исцрпена 3-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 4-та точка од Дневниот ред.

**Точка 4**

(Одлучување по барање од судија за патни трошоци)

● По повод 4-та точка од дневниот ред претседателот на Советот **Сашко Георгиев** информираше дека Иван Колевски, судија на Основен суд Битола на ден 13.09.2023 година до Судскиот совет на Република Северна Македонија достави барање за надомест на трошоци за превоз, заведено во Советот под бр.05-1799/1 од 13.09.2023 година.

Во барањето судија наведува дека со решение на Судскиот совет на РСМ, бр.02-1741/1 од 06.09.2023 година времено е упатен за вршење на судиската функција во Основен суд Прилеп, сметано од 06.09.2023 година, за период од една година од упатувањето. Со оглед на околноста што живее во една општина, а судиската функција ќе ја извршува во друга општина каде е упатен, во која општина ниту тој, ниту членови на неговото семејство не поседуваат куќа, стан, викенд куќа или друга недвижност, судијата бара да му се утврди правото на надомест на трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај на релација Битола - Прилеп и обратно.

Кон барањето судија има приложено: копија од лична карта, копија од одлука за избор на судија, копија од решение за упатување, изјава заверена кај нотар и потврда за цената на возниот билет на релација Прилеп - Битола и обратно.

Постапувајќи по барањето за надомест на трошоци доставено од Иван Колевски, судија на Основен суд Битола разгледана е доставената документација и утврдено е дека судијата Иван Колевски е со живеалиште во Битола, дека времено е упатен судиската функција да ја извршува во Основен суд Прилеп, како и дека во град Прилеп каде ја извршува судиската функција, ниту тој, ниту членови на неговото семејство немаат недвижен имот - сопствен стан, куќа, престојувалиште и др.

Врз основа на наведените причини, а согласно чл.12 ст.1 ал.2 од Законот за платите на судиите, предложи да се донесе решение барањето да се уважи и да се утврди дека на судијата му следува надомест на трошоци за превоз како судија којшто живее во една, а работи во друга општина, за периодот од 06.09.2023 година, па во иднина се додека судијата ја извршува судиската функција во Основен суд Прилеп во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај, кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа, на релација Битола - Прилеп и обратно.

Во продолжение претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Антоанета Димовска** и наведе дека дека сака да го поздрави прифаќањето на одлуката од страна на колегата Иван Колевски од Битола да биде делегиран во Основниот суд Прилеп. Укажа дека тој е еден од колегите кој не изјавил приговор, кој ја прифатил одлуката на Судскиот совет и апелот да се прифати делегирање и помогне во функционирањето на судскиот систем во РСМ. Посочи дека сака да му се заблагодари.

*Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели ја напушти седницата од оправдани причини.*

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа и откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесено е следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на Иван Колевски, судија на Основен суд Битола за надомест на трошоци СЕ УВАЖУВА.

На Иван Колевски, судија на Основен суд Основен суд Битола му се СЕ УТВРДУВА

- право на надомест на трошоци за превоз како судија којшто живее во една, а работи во друга општина, за периодот од 06.09.2023 година, па во иднина се додека судијата ја извршува судиската функција во Основен суд Прилеп, во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај, кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа, на релација Битола - Прилеп и обратно.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е исцрпена 4-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 5-та точка од Дневниот ред.

**Точка 5**

(Разгледување на Анализа на потребни судиски места во Врховен суд на РСМ, Виш управен суд, Апелационен суд Скопје, Апелационен суд Битола, Апелационен суд Гостивар и Апелационен суд Штип)

*Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели повторно е присутен на седницата.*

● По повод 5-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на членот на Советот Весна Дамева во својство на претседател на Работната група.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и ја презентираше Анализата на потребни судиски места во Врховен суд на РСМ, Виш управен суд, Апелационен суд Скопје, Апелационен суд Битола, Апелационен суд Гостивар и Апелационен суд Штип.

Судскиот совет на Република Северна Македонија на 431-та седница одржана на ден 20.02.2023 година, донесе Одлуката за формирање Работна група задолжена за

Анализа на потребните судиски места и судски службеници по судови во Република Северна Макеоднија бр.09-462/1 од 23.02.2023 година и  Одлука за измена на истата донесе на 443-та седница одржана на ден 05.06.2023 година, бр.09-462/2 од 09.06.2023 година. Со Одлуките  е определено дека Анализата ќе ја изврши Работната група во состав од Весна Дамева - претседател, Лорета Горгиева и м-р Миљазим Мустафа- членови.

Работната група во новиот состав одржа состанок на ден 06.07.2023 година и донесе Заклучок да се испрати циркуларно писмо до секој суд во Република Северна Македонија со барање да достават мислење за потребниот број на судии и судска администрација во рок од 15 дена. Од страна на сите судови е доставено мислење по однос на потребниот број на судии и судската администрација.

Врз основа на на нерешени предмети од претходниот период, примени предмети, вкупно во работа предмети, решени предмети, нерешени предмети на крај на период, предмети по видови на 100 жители, месечна норма, годишна норма, прилив на предмети, како и имајќи ги предвид мислењата на судовите, Работната група го предлага следното:

1. Врховен суд на Република Северна Македонија. Од табелата може да се утврди дека за совладување на приливот во 2022 година биле потребни 17,30 судии, доколку 100% ја остварувале предвидената месечна норма по судии.

Дадена е проекција доколку нормата била надмината за 40%, тогаш потребни се 12,36 судии.

Дадена е проекција доколку нормата била надмината за 20%, тогаш потребни се 14,42 судии.

Со одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија е утврдено судиската функција во Врховниот суд да ја извршуваат 28 судии, во моментов систематизацијата е пополнета со 16 судии од кои еден е претседател а на 1 судија му мирува судиската функција.

Имајќи ја во предвид надлежноста на Врховниот суд, работа на Општа седница, работа во четири оддели и тоа: Оддел за казниви дела, Оддел за граѓански дела, Оддел за  за судење во разумен рок и оддел за судска практика, како и претходно наведените податоци,  Работната група смета дека оптимален број на судии за навремено и ажурно постапување во овој суд е 26 судии вклучувајќи го  во тој број и претседателот на судот и тоа по 5 судии за секој оддел и дополнителни 5 судии од кои еден задолжително е  член на Судскиот совет, така што судот би имал на располагање во секое време 24 судии.

Работната група го имаше во предвид и приливот на предмети во Врховниот суд за 2020 година, 2021 година и 2022 година.

Во 2020 година примил нови предмети 4522, а вкупно во,работа имал 5772 предмети.

Во 2021 година примил нови предмети 4818, а вкупно во,работа имал 5759 предмети.

Во 2022 година примил нови предмети 5066, а вкупно во,работа имал 6021 предмети.

Имајќи го во редвид приливот на предмети и вкупниот број на предмети во работа може да се забележи дека има мало зголемување на приливот на предмети  за 248 предмети во 2022 година, но тоа се должи поради фактот  што 2020 година и 2021 година беше пандемијата со вирусот Ковид 19.

Па од тие причини проекцијата е правена за 2022 година.

2. Виш Управен суд. Од табелата може да се утврди дека за совладување на приливот во 2022 година биле потребни 11,52 судии, доколку 100% ја остварувале предвидената месечна норма по судии.

Дадена е проекција доколку нормата била надмината за 40%, тогаш потребни се 8,32 судии.

Дадена е проекција доколку нормата била надмината за 20%, тогаш потребни се 9,60 судии.

Со одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија е утврдено судиската функција во Вишиот управен суд да ја извршуваат 13 судии, во моментов систематизацијата е пополнета со 8 судии, претседателот на судот е судија на Управен суд.

Имајќи ја во предвид надлежноста на Вишиот управен суд, кој работи во три специјализирани судски совети, и тоа 1.Имотно-правна област и други права, 2.Пензии, инвалидски, здравствени права, права од работен однос, финансиски и други права и 3.Даночни, царински и други права Работната група смета дека оптимален број на судии за навремено и ажурно постапување во овој суд е 12 судии вклучувајќи го во тој број и претседателот на судот и тоа по 3 судии за секој судки совет и дополнително 2 судии, така што судот би имал на располагање во секое време 11 судии.

Работната група го имаше во предвид и приливот на предмети во Виш управен суд за 2020 година, 2021 година и 2022 година.

Во 2020 година примил нови предмети 6004, а вкупно во,работа имал 6877 предмети.

Во 2021 година примил нови предмети 3955, а вкупно во,работа имал 5650 предмети.

Во 2022 година примил нови предмети 3880, а вкупно во,работа имал 4668 предмети.

Имајќи го во редвид приливот на предмети и вкупниот број на предмети во работа може да се забележи дека има тендеенција да се намалува бројот на предмети, и покрај фактот што 2020 година и 2021 година беше пандемијата со вирусот Ковид 19.

Па од тие причини проекцијата е правена за 2022 година.

3. Апелационен суд Скопје. Од табелата може да се утврди дека за совладување на приливот во 2022 година биле потребни 66,01 судии, доколку 100% ја остварувале предвидената месечна норма по судии.

Дадена е проекција доколку нормата била надмината за 40%, тогаш потребни се 47,15 судии.

Дадена е проекција доколку нормата била надмината за 20%, тогаш потребни се 55,01 судии.

Со одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија е утврдено судиската функција во Апелациониот суд Скопје да ја извршуваат 52 судии, во моментов систематизацијата е пополнета со 30 судии, од кои на 2 судии им мирува судиската функција, избрани за судии во Уставен суд на РСМ.

Имајќи ја во предвид надлежноста на Апелациониот суд Скопје, кој работи во пет специјализирани судски оддели, и тоа , Кривичен оддел, Граѓански оддел, Трговски оддел, Оддел за работни спорови и Оддел за судска практика, Работната група смета дека оптимален број на судии за навремено и ажурно постапување во овој суд е 66 судии

вклучувајќи го  во тој број и претседателот на судот, односно по 13 судии за секој судски оддел.

Работната група зеде во предвид дека се работи за единствен суд во РСМ кој постапува по жалба,  по предмети од организиран криминал, околноста што под ова апелационо подрачје се опфатени шест суда со проширена надлежност, меѓу кои и Основниот кривичен суд Скопје и Основниот граѓански суд Скопје, како и усложнетите процесни овластувања и должности на судот преку задолжителните случаи во кое се отвара претрес, предвидено со новите законски решенија во постојните закони со кое се уредени конкретни постапки, во кривичната и граѓанската постапка и зголеменото ангажирање на судиите како едукатори, ментори и други вонсудски активности.

Работната група го имаше во предвид и приливот на предмети во Апелационен суд Скопје за 2020 година, 2021 година и 2022 година.

Во 2020 година примил нови предмети 12556, а вкупно во,работа имал 21238 предмети.

Во 2021 година примил нови предмети 17029, а вкупно во,работа имал 23554 предмети.

Во 2022 година примил нови предмети 15523, а вкупно во,работа имал 22417 предмети.

Имајќи го во редвид приливот на предмети и вкупниот број на предмети во работа може да се забележи дека има тенденција да се намалува бројот на предмети, и покрај фактот  што 2020 година и 2021 година беше пандемијата со вирусот Ковид 19.

Па од тие причини проекцијата е правена за 2022 година.

<u>4. Апелационен суд Гостивар.</u> Од табелата може да се утврди дека за совладување на приливот во 2022 година биле потребни 15,06 судии, доколку 100% ја остварувале предвидената месечна норма по судии.

Дадена е проекција доколку нормата била надмината за 40%, тогаш потребни се 10,76 судии.

Дадена е проекција доколку нормата била надмината за 20%, тогаш потребни се 12,55 судии.

Со одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија е утврдено судиската функција во Апелациониот суд Гостивар да ја извршуваат 16 судии, во моментов систематизацијата е пополнета со 14 судии, од кои  1 е претседател на 1 судија му мирува судиската функција избран е за член на Судскиот совет на РСМ.

Имајќи ја во предвид надлежноста на Апелациониот суд Скопје, кој работи во  три специјализирани судски оддели, и тоа , Кривичен оддел, Граѓански оддел и Оддел за судска практика, Работната група смета дека оптимален број на судии за навремено и ажурно постапување во овој суд е 16 судии вклучувајќи го  во тој број и претседателот на судот, односно по 5 судии за секој судски оддел.

Работната група го имаше во предвид и приливот на предмети во Апелациониот суд  Гостивар за 2020 година, 2021 година и 2022 година.

Во 2020 година примил нови предмети 4058, а вкупно во,работа имал 4396 предмети.

Во 2021 година примил нови предмети 4723, а вкупно во,работа имал 5194 предмети.

Во 2022 година примил нови предмети 5324, а вкупно во,работа имал 5987 предмети.

Имајќи го во редвид приливот на предмети и вкупниот број на предмети во работа може да се забележи дека има тенденција да се зголемува бројот на предмети, и покрај фактот што 2020 година и 2021 година беше пандемијата со вирусот Ковид 19.

Па од тие причини проекцијата е правена за 2022 година.

5. Апелационен суд Битола. Од табелата може да се утврди дека за совладување на приливот во 2022 година биле потребни 18,59 судии, доколку 100% ја остварувале предвидената месечна норма по судии.

Дадена е проекција доколку нормата била надмината за 40%, тогаш потребни се 13,28 судии.

Дадена е проекција доколку нормата била надмината за 20%, тогаш потребни се 15,49 судии.

Со одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија е утврдено судиската функција во Апелациониот суд Битола да ја извршуваат 25 судии, во моментов систематизацијата е пополнета со 13 судии, од кои 1 е претседател на 1 судија му мирува судиската функција избран претседател во Основен суд Охрид.

Имајќи ја во предвид надлежноста на Апелациониот суд Битола, кој работи во три специјализирани судски оддели, и тоа, Кривичен оддел, Граѓански оддел и Оддел за судска практика и евиденција, Работната група смета дека оптимален број на судии за навремено и ажурно постапување во овој суд е 20 судии вклучувајќи го во тој број и претседателот на судот, по 5 судии за секој оддел и дополнително 1 судија, така што судот би имал на располагање во секое време 19 судии.

Работната група го имаше во предвид и приливот на предмети во Апелациониот суд Битола за 2020 година, 2021 година и 2022 година.

Во 2020 година примил нови предмети 4898, а вкупно во,работа имал 5377 предмети.

Во 2021 година примил нови предмети 5898, а вкупно во,работа имал 6438 предмети.

Во 2022 година примил нови предмети 5592, а вкупно во,работа имал 6289 предмети.

Имајќи го во редвид приливот на предмети и вкупниот број на предмети во работа може да се забележи дека има тендеенција да се намалува бројот на предмети, и покрај фактот што 2020 година и 2021 година беше пандемијата со вирусот Ковид 19.

Па од тие причини проекцијата е правена за 2022 година.

6. Апелационен суд Штип. Од табелата може да се утврди дека за совладување на приливот во 2022 година биле потребни 10,89 судии, доколку 100% ја остварувале предвидената месечна норма по судии.

Дадена е проекција доколку нормата била надмината за 40%, тогаш потребни се 7,78 судии.

Дадена е проекција доколку нормата била надмината за 20%, тогаш потребни се 9,07 судии.

Со одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија е утврдено судиската функција во Апелациониот суд Штип да ја извршуваат 16 судии, во моментов систематизацијата е пополнета со 8 судии.

Имајќи ја во предвид надлежноста на Апелациониот суд Штип, кој работи во два специјализирани судски оддели, и тоа, Кривичен оддел и Граѓански оддел, Работната група смета дека оптимален број на судии за навремено и ажурно постапување во овој суд е 12 судии вклучувајќи го во тој број и претседателот на судот, по 5 судии за секој оддел и дополнително 1 судија, така што судот би имал на располагање во секое време 11 судии.

Работната група го имаше во предвид и приливот на предмети во Апелационен суд Штип за 2020 година, 2021 година и 2022 година.

Во 2020 година примил нови предмети 3907, а вкупно во,работа имал 4142 предмети.

Во 2021 година примил нови предмети 4391, а вкупно во,работа имал 4551 предмети.

Во 2022 година примил нови предмети 4628, а вкупно во,работа имал 5080 предмети.

Имајќи го во редвид приливот на предмети и вкупниот број на предмети во работа може да се забележи дека има тендеенција да се зголемува бројот на предмети, поради фактот што 2020 година и 2021 година беше пандемијата со вирусот Ковид 19.

Па од тие причини проекцијата е правена за 2022 година.

Во продолжение претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека се заблагодари на Комисијата што навистина детално, врз објективни критериуми дала проекција за потребите по судовите, исклучиво ценејќи ги состојбите со прилив на предмети, број на судии и можноста да се работи. Укажа дека тоа треба да биде понатаму темел за одлуки за огласи за избор по одделни судови, и исто така да биде темел за евентуално размислување за промена на систематизациите на судовите.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека со оглед на фактот да мојот предлог да биде вратена оваа Анализа и Извештај на доработка од причини што не ја одразува реалната состојба, барем не на секој од нас како член на Комисијата и тоа што лично го имаме сработено, не само како технички од страна на стручната служба изготвена Анализа и да ни биде понудена или да ја прифатиме или да немаме простор да реагираме, сакам да дадам едно свое видување.

Реални параметри нема да изложувам, бидејќи за тоа бев спремна на состанокот на 14.09., меѓутоа бев оневозможена. Само ќе кажам една кратка хронологија дека оваа Комисија беше формирана на седница на 22-ри 23-та во состав Сашко Георгиев како претседател, јас како член и колегата Миљазим. Веднаш се пристапи кон работа. Одржавме повеќе состаноци. Заедно со нас како секретар на Комисијата работеше државниот советник Емилија Николиќ и еве само на еден од овие состаноци кој е одржан на 19.04.23 на која навистина значи долго време и дискутиравме и анализиравме во кој правец да одиме како би добиле реални параметри за обезбедување на реална проекција за потребните, како судиски места така и потребниот број на стручна служба, бидејќи обемот на работа на оваа Комисија не се задржува само на потребните судиски места, туку и на потребната бројка на стручна служба во судовите, како истите би функционирале ажурно и навремено.

Нема да анализирам, состанокот од 19.04.23 имаше и други состаноци и записници кои пак ќе кажам кај државниот советник останаа за понатамошно процесуирање. Тоа што ќе видите и од наши изјави произлегува дека бараме дополнителни податоци по однос на сите судови, бараме вкупен број на предмети во работа за секој суд, плус тоа да биде разграничено по области. Се бара постапување, односно обезбедување на податоци на која материја колку судии работеле. Дополнително, освен систематизацијата, ажурноста на судовите, колку судии постапувале по години и ред други работи.

Тоа што понатаму како нов член на Комисијата колешката на 06.07. имавме прв пат како претседател на Комисијата, фактички ние од Комисијата ја информиравме што Комисијата до сега сработила и воопшто не е точна изјавата дека се губело време и дека не е работено, напротив Комисијата работеше и има заклучоци и има обезбедено материјали. Тоа што ние ја информиравме сега новата претседателка на Комисијата и баравме да се обезбедат податоците и тоа што ние го имаме сработено кај што стои во записници и каде што има реални материјални докази за тоа.

Тоа беше пред одморите, нареден прв состанок на 11.09., тоа е прв ден после одмор кога јас дојдов на работа, каде што ми беше дадена готова изработена Анализа на која немав примедба, бидејќи лично ниту сум ја видела, ниту имала простор да можам да ја анализирам. Побарав само да се одложи за еден ден, за да можам да ја прочитам Анализата и побарав да бидат обезбедени претходно сработените материјали од истата Комисија за да можеме да направиме паралела и да видиме дали сме на исто, да не одиме во разидување. Истовремено информирав дека за да одиме побрзо дека за наредната средба за која како што гледате за два дена е презакажана да се обезбеди диктафон како би можеле секој од нас да ги кажеме своите, тоа што го имаме сработено како Комисија, како член на Комисија да влезе и биде составен дел на Анализата, а не... пак ќе кажам ова е проекција врз основа на точни параметри како статистички податоци. Меѓутоа, што за мене еве ќе кажам како судија недостасува. Прво, нормата за секој суд, нормата по уписници треба да биде ценета во корелација со бројот на судиите и број на предмети за секој суд посебно, за секоја тековна година со која правиме Анализа. Реалната состојба, тоа што ни недостасува во Анализата, од кои причини и барав да се врати на доработка, за недела дена, не за повеќе, за тоа за да не се искривува вистината. Нормата е едно, меѓутоа бројот на предмети по суд е друго. Колку судии постапувале по бројот на предметите кои конкретниот суд ги имал во работа ни покажува друга проекција. Од друга страна, недостасува податок за ажурноста на секој од овие судии. Доколку бил ажурен со колку судии. Да се направи проекција колку број на предмети во корелација со број на судии и доколку бил неажурен конкретниот суд кој е тај обем на предмети за колку бил неажурен. Дали за многу, дали за многу малце. Сметам дека тие реални параметри ни се и те како важни за една реална и здрава основа која понатаму треба да ни биде параметар во делот на објавување на огласи и пополнувањето на упразнетите места и на крај крајева за реална систематизација за потребните судиски места, па и за стручна служба понатаму. Значи, како шо кажав број на предмети, колку судии постапувале по овие предмети во тековната година и дали конкретниот суд бил ажурен за мене со овој број на предмети и со овој број на судии. Исто така и проекција независно дали ја дава моменталната состојба, меѓутоа во оваа Анализа сметам дека во некој нареден период ние имаме податоци за планирани пензионирања, ги имаме во системот, сметам дека и тоа треба да биде внесено по

судови и исто така треба да се зема во дел како предвид, барем како податок да го имаме, меѓутоа сепак во делот на објавување на огласите.

Друго што мене исто така ми остана како недокажано, недоречно и сметав дека можам да дадам допринос во работата на Комисијата е фактот што ние после пензионирањето ланската година на 30.06.2022 година, мислам дека се сеќавата сите доставивме циркуларно писмо до сите судови, со кој баравме од претседателите на судовите да не известат после бројката на пензионирања за секој тековен суд, со која бројка сметаат дека судот може да функционира оптимално. Ако се сеќавате од страна на сите претседатели на судови ние добивме во текот на ланската година, во текот на летниот период добивме вакви проекции од сите. Тоа што го барав исто така, од Комисијата барав и од кај Емилија, а тоа и го барав и на состаноците претходно да ги побараме и овие претходни проекции, бидејќи точно ја одразуваат реалната слика. Од ланската година до сега, ние и немаме голем број на некакви пензионирања. Значи може инцидентно во суд, два, по еден, двајца, меѓутоа генералната слика за судот не ја менува во делот на упразнетоста.

Друго што ми беше исто така симптоматично започнав тоа што јас го имав како запишано лично врз основа на Анализата како забелешки сакав да го ставам на записник со допус на претседателката ми допушти збор, значи отворивме ворд документ кој го имам ставено во материјалите и можете сите да видете дали е ова записник или дали личи на нешто и во моментот кога почнав да диктирам, еве за Врховен суд, бев прекината со плачење на државниот советник, инаку претходен шеф на кабинет на бившата претседателка дека она не е дактилограф, па дека она не може да внесува да куца зашто го напуштив состанокот, дојдов до кај вас да барам диктафон.

Друго што ми беше симптоматично во делот на проекцијата за Врховен суд, бидејќи Анита Андонова беше претходно и генерален секретар, како на Караџовски, така и на Киро Здравев и во време кога ние извршивме проширување на систематизацијата за Врховниот суд. Тоа беше време кога Фаик Арслани беше ВД претседател и кога Врховен суд се соочуваше со недостиг на судии, во смисла на тоа дека имавме ние суспендирани судии од Врховен суд и дека фактички во моментот имавме на број судии, меѓутоа за работа имаше можеби 3-4 судии помалце, имаше и некој со и од други причини. Од тие причини ако се сеќавате, а мислам дека добар дел од вас што беа присутни се сеќаваат, ние прифативме, ја зголемивме систематизацијата на Врховниот суд на 28 од 25. Лично гледајќи ги параметрите и проекцијата за работа по број на судии и предмети за Врховниот суд, лично сметам дека само треба да се врати систематизацијата на 25. Тоа е моја лична проекција и пресметка спрема бројот на судии и спрема тоа што јас сум го имала како материјал за работа.

Наредно што ми беше, меѓутоа тоа веќе како почнав да диктирам ми беше оневозможено од кои причини сигурно си знаат, си знае тој што ме прекина. Наредно што ми беше многу симптоматично беше во делот на проекцијата за Вишиот управен суд. Ќе кажам дека до ланската година јас бев координатор за Вишиот управен суд и до мене како координатор стигнуваа, преку систем, не директно мислења и заклучоци. Во делот на проекцијата од Виш управен суд после ланската година и барањето наше со циркуларно писмо да се произнесат, еве ќе ви го прочитам писмото од претседателот Исмета Амет во кое вели дека писмото е од 19.07.2022, насловено до Судскиот совет до претседателот Црвенковска, меѓутоа ми е дадено мене на запознавање како координатор. Во кое вели дека после пензионирањата на четири судии на Вишиот

управен суд, заклучно со 30.06.2022 година ги наведува колегите кои се пензионирани дека во моментот Вишиот управен суд работи со претседател 9 судии, мислам дека се 8 со претседател 9 и дека согласно одлуката на Судскиот совет тоа е за систематизацијата од 01.12.2015 година за Вишиот управен суд е утврден број на потребни судии 13, вклучувајќи го и претседателот на судот, меѓутоа тоа што е симптоматично и беше единствено такво писмо со кое, многу убаво се сеќавате, ги читавме и ги разгледувавме на, не знам дали беше на седница или колегиум. Претседателката вели вака „имајќи го предвид бројот на предметите во работа на судот, кој заклучно со 30.06.2022 изнесува 630 предмети во работа, односно намалениот прилив на предмети, како и намалениот обем на работа во судот кој во континуитет е присутен подолг период наназад, сметаме дека во моментот во Вишиот управен суд не постои потреба од пополнување на упразнетите судиски места". За да сега од страна на, се прибавија со циркуларно писмо нови податоци, да сега имаме сосема друга слика потпишана, дадена од страна на заменик претседателот на Виш управен суд, судијата Субхи Јакупи во кој вели дека ве известуваме дека согласно одлуката на Судскиот совет од 2015 бројот на судии за Вишиот управен суд е утврден на 13 судии, вклучувајќи го и претседателот. Дека пополнети се 8 судиски места без претседателот на судот, а распоредени во 3 специјализирани судски совети, согласно годишниот распоред за работа за 2022 и смета дека притоа во текот на месец август еден судија исполнува услови за старосна пензија што ќе доведе до нарушување во постапувањето и одлучувањето во трите специјализирани судски совети и предлага потреба од пополнување на три судиски места со цел нормално функционирање на судот.

Од кои причини сметам дека треба да биде предмет на Анализа. Многу е голема дискрепанцијата во делот на..., ако претседателот на судот кој ја знае работата на сопствениот суд и на претседателот веќе му истекува мандатот и вели дека нема потреба и дека имаме тренд на опаѓање на бројот на предмети и дека со 8, односно 9 судии, заедно со претседателот овој суд би функционирал, а од друга страна сега имаме нова состојба со непроменети околности, со број на судии на предмети, сега ни се дава предлог за 3 судиски места плус, што сметам дека двете писма не се во корелација.

Наредно уште нешто што ми беше симптоматично и во делот другите судови сметам дека за Апелациониот суд Гостивар и тука требаше да трпи корекција. Ако се сеќавата имавме претходни уште Киро Здравев кога беше претседател имавме и во врска со Стратегијата за човечки ресурси знам дека требаше да се прави корекција и да се направи еден друг сооднос и реална проекција за тука, не знам, не можам да кажам, бидејќи ги немам кај мене овие параметри.

А во делот на Апелациониот суд Штип морам да кажам само дека да еден оглас е во тек. Изборот од кои причини за двете места ги немаме пополнето за Штип е точно поради фактот што Судскиот совет уште ги нема поминато оценките на судиите, а нив ги фати периодот на редовно оценување. Од тие причини за да не биде доведено во заблуда јавноста од кои причини се касни со изборот тука. Меѓутоа, постапката започнавме со друг вид на активности за да можеме додека ги поминеме значи овие оценки да можеме да го сработиме другиот дел од работата на Комисјата.

Од друга страна 11 места сметам дека не се доволни за Апелациониот суд Штип. Пред некој ден ни беше на интервју ВД претседателот на судот и според негово кажување, еве колегата Ханиф бевме заедно во Комисија, изјави дека барем 12 иако писмено се има произнесено за 11, барем 12 места треба да се планираат за

пополнување во Апелациониот суд во Штип со посебен акцент на граѓанскиот суд, за кој сите знаеме дека таму е алармантно и дека можеби до нова година ќе немаат ниту еден, евентуално уште само еден останат граѓански судија.

Генерално бројки нема да изнесувам, нема да обременувам, иако лично бев спремна на Комисијата да сето тоа го издиктирам и да влезе во записник и да овој записник биде прифатен и од сите нас како Комисија и биде потпишан и биде проекцијата на секој од нас земена во предвид, па нека биде како посебно мислење во рамки на Анализата, меѓутоа во секој случај не и да биде ставен на игноре и да ти биде оневозможено работа во Комисијата.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека на секој член му била дадена можност да се вклучи, едноставно бидејќи се работи за изготвување на судската мрежа. Укажа дека досега како член на Комисија и како член на Судскиот совет нема видено писмено произнесување и посочи затоа да не се извртуваат работите.

Нагласи дека генерално се поклопуваат дадените броеви, со барањата на претседателите. Напомена дека со претседателот на судот нема зборувано во четири очи, како што било истакнато, само го гледа неговото мислење, официјално пратено до Судскиот совет, каде вели 11 места. Додаде дека Анализата предвидува во секој момент да има на располагање 11 судии. Точно 12, бидејќи 1 ќе биде претседателот на судот. Објасни дека се поклопува бројот на оние што се неопходно потребни за извршување на функцијата. Прецизира дека освен циркуларното писмо пратено до судовите на 06.07. има седница, потпишан е записник, пратено е циркуларно писмо секој суд да се произнесе, што значи дека Советот ги задолжил судовите да достават најнови мислења, видувања врз основа на анализи. Потенцира дека изминатиот период, 2018, 2019, 2020 е ирелевантно, бидејќи Комисијата се согласила да прати.

Се обрати до членот на Советот Лорета Горгиева да даде аргументирани податоци, кои можело да се доставт и до сега на писмено, но не е доцна и сега. Но, агрументирани, а не да се отпочне да се работи судската мрежа со зборовите се сеќавам, слушнав, мислам дека беше. Истакна дека е сериозно, заради цела мрежа што понатаму ќе се прави согласно Стратегијата.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека Анализата која ја доставила Комисијата темелно ја работела врз основа на параметрите коишто и самата Комисија ги предочила во Извештајот. Укажа дека не вели дека тоа се единствени параметри за утврдување на реалната слика на потребни судиски места во секој суд. Секогаш може да се најде уште нешто, како би дало поточни податоци за реалната потреба, меѓутоа не треба некој кога ќе сработи нешто, да само биде обвинет.

Укажа да се дадат предлози зошто сметаат дека тоа не е реално и како би било пореално добиен податок, а не да го обвинуваат оној што се потрудил нешто да сработи.

Посочи дека по однос на бројот на судии кои работеле во изминатата тековна година на кој посочила колешката Лорета и ажурност на судовите за тој период има извештаи кои на седници се усвојуваат. Нагласи дека секогаш има нешто ново да се додаде и уште подобро да се сработи.

Напомена дека колешката Лорета треба на конкретната Анализа да се држи и да дава предлози, сугестии и забелешки, а не како течела работата пред Комисијата. Дополни дека сработен е еден документ со предлози од Комисијата и ако има нови

забелешки, нови предлози да се изнесат и да се дискутира за нив, но Анализата како за почеток е добра појдовна основа по однос на пополнување на судиски места по судовите, по оние кои се дадени, најголемите судови во земјата.

За збор се јави членот на Советот **Антоанета Димовска** и наведе дека Анализата е сосема издржана и прифатлива, но по однос на Вишиот управен суд истакна дилема затоа што за една година не може многу да се случи. Укажа дека ако претседателката на Вишиот управен суд рекла дека со моменталната бројка може сега да се работи и има тенденција за намалување од каде сега зголеменaта потреба? Посочи дека можеби би требало да се провери, затоа што за една година не може многу да се промени, а паѓа бројот на предмети и дали е имана во предвид бројката тогаш кога е дадено писмото и сегашната бројка, бидејќи сега се земени во предвид само писмата со барањата на претседателите на судовите и бројките? Побара да се објасни, затоа што тука гледа разлика и треба да се види од каде произлегува таа разлика, помеѓу тоа што го кажала претседателката и сега што го кажува ВД претседателот. Образложи дека по однос на другите бројки воопшто не би се впуштала, бидејќи има Анализа, има мислења од претседателите на судовите.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека реална проекција врз основа на статистички податоци во корелација со број на судии со ажурност на судот и во тој дел е една работа, меѓутоа тоа што сметам дека требаше да стои меѓудругото и да биде кажано е дека во овој период на недостаток на судии во основните судии ние мораме да водиме сметка дека и оваа проекција која пак ќе кажам ќе биде реална основа и платформа врз основа на која понатаму ние ќе ни служи да ги пополнуваме судиските места по судови, мораме да водиме сметка дека со објавувањето на огласи и со утврдувањето на бројот на судиски места потребни за повисоките судови не смееме да ја нарушиме работата и функционалноста на основните судови, бидејќи на крај со овие сите пензионирања на крај колку и да се регрутираат од редот на академиците млади судии, сепак да не се доведеме да ги оставиме судовите само на младиот кадар без во основните судови да имаме сепак кадар кој ќе го понеси товарот и посебно судовите со проширена надлежност. Ние мораме да водиме сметка да не ги испразниме судовите и да оневозможиме пак основно функционирање на основните судови кои се сепак тука е првиот ешалон и првата борба и најголемата работа е во основните судови.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и наведе дека една од надлежностите на Советот е да го утврди бројот на потребните судиски места по судовите, а со основна цел како до поажурно, поефикасно и поквалитетно судство. Укажа дека за таа цел формирана е Комисија и денеска се расправа по нејзиниот предлог, а врз основа на една Анализа од која може да се види дека се земени мерливи, валидни критериуми и даден е соодветен предлог. Посочи дека тоа што може да се види од Анализата е дека на сите подрачја и во сите судови има помал број на судии, што значи дека има непотполнети места и со претходната Анализа или утврдена бројка на судии и со сегашниот предлог. Нагласи дека од тие причини, а дека е тоа така, секојдневно во работата се среќаваат со поплаки, долготраење на постапки, судење во неразумен рок, застареност на предметите. Напомена дека не е проблемот дека требаат двајца или

требаат петина судии, основен проблем е што во овој момент се далеку од бројката која врз основа на критериуми треба да биде задоволена за да пристапат кон подобри резултати и поажурно судство. Дополни дека не може со сигурност каков и предлог да се даде и да се каже дека утврдениот број е оптималниот и тој ќе даде резултати. Анализата е сложен процес и зависи од многу други критериуми. Прецизира дека во последните години се сведоци кога голем број на предмети кои биле во надлежност на Комисиите, конкретно прекршочните предмети сега се вратени во надлежност на основните судови. Или пак ако се земе во предвид големиот број на нерешени предмети кои се водат во статистиката на судовите, а нивното решавање зависи од нотарите (зборува за оставинските предмети). Потенцира дека Анализата и предлогот се добри, но дали се навистина добри ќе може да се каже во оној момент кога ќе се пополни и кога ќе се спореди со предлогот даден во Анализата, а пополнет реално какви резултати дава во судството. Објасни дека за почеток е доволен број, добар предлог, треба да се пристапи кон реализација, да се најдат начини како да се реализира и пополни упразнетоста на непополнетите судиски места, а потоа може да се пристапи и кон Анализа или ревизија на сегашната Анализа, па да се каже каде е превисока бројката, нема потреба или таму е ниска бројката, па треба да се зголеми. Но, во случај кога има во секој суд од предвидените, пример 10 места, реално се 6 места, не може понатаму да се оди се додека не се задоволи барем предложената или утврдената бројка со Анализата. Појасни дека секогаш било кој предлог зависно од дадената ситуација може да се подобри, може да се измени, но од страна на Комисијата има издржан предлог и ќе гласа истиот да се усвои онака како што е предложен.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека произлегува дека кај Вишиот управен суд колегите имаат дилема. Укажа дека не знае какви писма имало претходно, не била координатор на судот и не и е познато. Посочи дека за Комисијата, и нејзе како претседател на Комисијата бил релевантен последниот допис доставен врз основа на Заклучок на Комисијата од 06.07. Истакна дека последниот допис гласи: „Со оглед на анализирана состојба Ве известуваме дека во Вишиот управен суд има потреба од пополнување на три судиски места, а со цел да продолжи редовно функционирање на судот". Нагласи дека тоа е констатирано и во Анализата врз основа на сите параметри што се идентични за сите судови. Напомена дека од Анализата произлегува дека 13 судии се согласно систематизацијата, а во моментот се 8 и согласно известувањето 3 места, ја добива бројката од 11 судии што е идентична на бројот на судии даден и во Анализата. Дополни дека елаборирано е зошто е тоа така, бидејќи има три специјализирани судски совети и тоа: од имотно-правна област и други права, пензии, инвалидски, здравствени права, права од работен однос, финансиски права и други права, даночни, царински и други права. Прецизира дека во овој број се вклучува и претседателот на судот, што значи по три судии за секој судски совет и дополнително би требало, видно од Анализата да останат двајца судии што судот ќе ги има во секое време на располагање во тие совети. Образложи дека не гледа отстапување од последното дадено писмо. Се предлага погоре 12 судии, но се смета дека претседателот на судот, ќе се врати во Управниот суд, што значи бројот за ефикасно и ажурно постапување би бил 11.

За збор се јави членот на Советот **Антоанета Димовска** и наведе дека го поставила прашањето, за да не останат дилеми. Укажа дека сакала да се расчистат работите, бидејќи е факт е дека имало две различни писма.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека сметам дека точно опструирањето да не учествувам во работата беше да не се кажат некои реални параметри и да не бидат дел од Анализата, а истата да биде сервирана на начин на којшто е сега и да биде ставена на гласање. Бидејќи имам лично разидување по некои точки и сметав дека треба да се корегира со дополнителни податоци, нема да ја гласам истата.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор спроведе гласање.

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“ и 1 глас „Против“ Анализата на потребни судиски места во Врховен суд на РСМ, Виш управен суд, Апелационен суд Скопје, Апелационен суд Битола, Апелационен суд Гостивар и Апелационен суд Штип е усвоена.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е исцрпена 5-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 6-та точка од Дневниот ред.

**Точка 6**

(Донесување на Одлука за објавување Оглас за избор на 2 (двајца) судии на Апелационен суд Штип за граѓанска област)

● По повод 6-та точка од дневниот ред претседателот на Советот **Сашко Георгиев** информираше дека со оглед дека на 454-та седница од 13.09.2023 година бил разгледан и усвоен Извештајот од работна посета на Апелационен суд Штип во кој се дадени заклучоци помеѓу и другото и за надминување на состојбата со недостиг на судии во судот со објавување на оглас за избор на двајца судии на Апелационен суд Штип за граѓанска област од формално правен аспект треба да се донесе одлука. Дополни дека како дел од работната група состојбата во судот е алармантна, имајќи во предвид дека за краток период во пензија заминуваат уште двајца судии токму од граѓанска област и нужно е час поскоро да се надомести состојбата.

Во продолжение претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека во однос на состојбата минатата седница е разгледуван Извештајот, денес има Анализа во однос на потребните судиски места и веќе е во тек еден оглас за двајца судии. Меѓутоа, тоа нема да ја ублажи состојбата со оглед да двајца судии ќе одат во пензија до крајот на годината и уште двајца судии имаат најавено дека ќе заминат, а исполнуваат услов со 62 години. Укажа дека е оправдано да се распише оглас и тоа за двајца судии од граѓанска област, затоа што во тој оддел судиите се многу малку, дури и судиите кои се распоредени во кривичниот оддел работат предемти од граѓанска област, конкретно „РОЖ“ предмети.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека во Апелациониот суд Штип е алармантна состојбата. Укажа дека тоа е неколку пати дискутирано и е размислувано како да се надмине. Посочи дека и Анализата покажува дека и покрај распишаните огласи, односно постапката за избор на двајца судии недостасуват уште двајца. Нагласи дека својот глас ќе го даде во насока какви се анализите на координаторот на судот, бидејќи на лице место не ја знаат состојбата каква е по оддели.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека состојбата е позната на сите две години наназад. Укажа дека Судскиот совет има допринос во нерешавањето во тој дел, со тоа што Годишниот распоред неколку пати паѓал, а имало предложено колеги кривичари кои немаат предмети во работа да работат една година на граѓанска материја. Посочи дека Годишниот распоред неколку пати паѓа на Врховен суд, меѓувремено има и други пензионирања и смета дека сите имаат одговорност да го пополнат во најскоро можно време судот, посебно во делот за работа со граѓанската материја каде што лежат сите предмети.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека од истакнатото од членот на Советот Лорета Горгиева се посочува за период од пред две години, а тоа е одамна завршено и не е предмет на тековната дискусија.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот да се објави оглас за избор на 2 (двајца) судии на Апелационен суд Штип за граѓанска област го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесена е следната:

О Д Л У К А

ДА СЕ ОБЈАВИ ОГЛАС ЗА:

За избор на:

За избор на 2 (двајца) судии на Апелационен суд Штип за граѓанска област.

Во продолжение претседателот на Советот Сашко Георгиев констатираше дека согласно чл.2 од Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, во врска со донесена одлука за објавување оглас, по спроведеното ждребување донесена е следната:

О Д Л У К А

Се формира КОМИСИЈА за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд по оглас за избор на 2 (двајца) судии на Апелационен суд Штип за граѓанска област бр.09-1903/2 од 02.10.2023 година, во состав од:

- м-р Тања Чачарова Илиевска - претседател на Комисијата;
- Лорета Горгиева - член на Комисијата и
- Мирсад Суроји – член на Комисијата.

*Претседателот на Советот Сашко Георгиев даде пауза во траење од 15 минути. Седницата продолжи во 13:30 минути.*

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е исцрпена 6-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 7-та точка од Дневниот ред.

**Точка 7**

(Разгледување на Извештај од работна посета на Апелационен суд Гостивар)

● По повод 7-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на членот на Советот Весна Дамева во својство на координатор да го презентира Извештајот од работна посета на Апелационен суд Гостивар.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека со Заклучок на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр.02-2194/1 од 20.12.2022 година, донесен на продолжението на 421-та седница одржана на ден 16.12.2022 година, задолжени се координаторите определени за следење на работата на судовите, а заради проверка на постапките по изземање во предметите, како и проверка на состојбата со стари нерешени и застарени предмети во судовите, да извршат работни посети во судовите.

Укажа дека предмет на работната посета беше констатирање на состојбата во врска со почитување на законските рокови за преземање на процесни дејствија, како и за донесување, објавување и изготвување на одлуките, констатирање на евентуален застој во работата на судиите и причините за застојот, каква е состојбата со старите нерешени и застарени предмети во судот, констатирање и проверка на постапките по изземање во предметите, оптовареноста на судиите согласно распоредот за работа и др. Извештајниот период е за првото полугодие, односно од месец јануари заклучно со месец јуни 2023 година.

Посочи дека работната посета е оставарена и обезбедени се податоци од АКМИС системот. Исто така земени се на увид и сите одлуки донесени во текот на извештајниот период коишто се по однос на изземањата и врз основа на целокупната анализа Работната група во извештајот предложи одредени заклучоци и предлози.

Нагласи дека во Апелациониот суд Гостивар има одреден застој во постапување на судиите по предметите, особено имајќи го во предвид бројот на стари нерешени предмети, но причините за истото се од објективен карактер. Недостатокот на судии, приливот на предмети, како и подолготрајното отсуство (боледување) на еден од судиите во текот на извештајниот период се причини за застојот, а причина поради која старите предмети сеуште не се завршени е и потребата од континуирано постапување и по итните новопримени предмети, бидејќи во услови на енормно оптоварување на судиите со предмети, судиите даваат приоритет на предметите кои се пред застарување,

предметите кои се од итен карακт и предметите во кои против обвинетите е определена мерка притвор.

Напомена дека Апелациониот суд Гостивар се соочува и со проблеми со работните простории кои не го задоволуваат нормалното функционирање на судот со оглед дека има само една сала за судење која не ги исполнува потребните стандарди за судница, поради што судиите со потешкотии ги закажуваат јавните седници, односно расправи, бидејќи потребно е да се усогласат времето и датумот на одржување на јавните седници помеѓу судиите. Воедно, судот се соочува и со недостаток на вработени имајќи во предвид дека пополнетоста на работните места изнесува 25% од предвидените работни места со Актот за систематизација, односно пополнети работни места се 35, а предвидени се 134.

Додаде дека од страна на претседателот на судот редовно и континуирано се следи состојбата со старите нерешени предмети и се превземаат дејствија во насока на поажурно постапување.

Дополни дека во овој суд генерално судиите ги почитуваат законски предвидените рокови во смисла на навремено изготвување на одлуките, имајќи го во предвид датумот на објава и датумот на верификација на одлуката.

Прецизира дека во текот на извештајниот период во ниту еден предмет не настапила апсолутна застареност, односно нема застарени предмети.

Потенцира дека одлуките во врска со барањата за иземање се со детално образложение во смисла на основот и причините, нема селективно постапување и различно постапување во идентични или слични случаи, односно за ист основ нема донесено различни одлуки, од кое произлегува дека конзистентен е ставот на претседателот на судот по однос на одлуките во врска со поднесените барања за иземања. Но, евидентна е појавата на поврзаноста на судии со одредени адвокати во смисла на роднински врски по права линија, поради што истите барале иземање од постапување по предметите. Воедно, воочена е состојба на поднесени повеќе барања од еден ист судија за ист основ, а тоа е поради негово постапување како првостепен судија и станува збор за новоизбран судија.

Објасни дека констатирање на состојбата и анализата во врска со Заклучокот на Советот бр.02-306/2 од 13.02.2023 година, изменет со Заклучок бр.03-306/4 од 19.07.2023 година е во тек, но заради сложеноста и специфичноста ќе биде потребен одреден период, па за да не се одолговлекува доставувањето на предметниот извештај истиот е доставен, а во најкус можен рок ќе се поднесе дополнителен извештај.

Појасни дека во врска со одлуката на Советот по претставката УПП.бр.08-176/1, а по доставеното известување, во содржината на извештајот наведени се причините поради кои овој предмет не е решен, па истите се објективни. Овој предмет не е пред застарување, од кое произлегува дека нема намера кај судијата да ја одолговлекува постапката со цел да застари предметот и нема индиции дека постои било каква друга причина за нерешавање на предметот. Од наводите на претседателот на судот, овој предмет ќе биде завршен во најкус можен рок, а се истакнува дека судијата кој постапува по предметот во месец октомври исполнува услови за старосна пензија.

Предочи дека од сите заклучоци, односно од целата констатирана фактичка состојба за Комисијата произлезе предлог заради надминување на состојбата со недостаток на судии во судот да се објави оглас за избор на уште две судиски места во Апелациониот суд Гостивар, и тоа за граѓански оддел. Извештајот по усвојување да се

достави до Апелациониот суд Гостивар заради негово разгледување на седница на судии.

Наведе дека имајќи во предвид дека Судскиот совет ја усвои Анализата точен е и фактот утврден и врз основа на анализата при работната посета и врз основа на произнесувањето на претседателот на судот и остануваат непополнети две места. Што значи и предлогот се совпаѓа со поминатата Анализа, а по однос на тоа дека треба граѓански судии, од граѓанскиот оддел тој факт е утврден врз основа на деталното дадено образложение, и усно, и во писмен допис од страна на претседателот на судот.

Во продолжение претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека со оглед дека недостатокот на судии е секаде изразен, во дадената состојба колегите добро се држат и впечатокот е дека се екипирани прилично солидно за да може да постапуваат, иако имаат дефицит од кадар.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека мора врз основа на фактите и околностите да укаже дека е алармантна состојбата во граѓанскиот оддел. Посочи дека тоа мора да го каже и истакна дека имало реакција од претседателот на судот дека кога е објавен оглас за две судиски места, едно за граѓански и едно за кривичен судија, не се земени во предвид неговите наводи. Нагласи не дека не недостасува и кривичен судија, но граѓанскиот оддел е особено проблематичен и како координатор не може да го премолчи фактот дека во Апелациониот суд Гостивар треба двајца граѓански судии. Додаде дека останува на Советот кога и дали и за кој ќе се распише, но тоа произлегува врз основа на целокупната Анализа. Дополни дека во граѓанскиот оддел ситуацијата е алармантна. Прецизира дека од сите анализи произлегува дека треба двајца граѓански судии.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** и наведе дека имајќи предвид дека се моментално пет судии во кривичниот оддел, но еден за кратко оди во пензија, значи дека нема да може да има совет од пет судии и тоа е причината за објавениот оглас за кривичар и граѓански судија. Укажа дека факт е дека е потребен граѓански судија затоа што таму има поголем број на предмети кои заостануваат и тука би требало да се реагира.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека доколку се цени дека има потреба од распишување на оглас за било кој суд да се направи Анализа и врз основа на таа Анализа да се утврди потребата и за распишување на огласи и во другите судови, конкретно Битола, каде се 13 судии и каде наредната година ќе биде голем проблем во граѓанскиот оддел. Укажа дека наредната година ќе има и избори и пред изборите треба да се пополната некои места по судовите, за да можат судовите да функционираат. Посочи дека е точно дека нема ни во основните судови судии, меѓутоа да се види кои се оптималните потреби во едни вакви услови за апелационите судови да можат да функционираат и да не се јавуваат проблеми во функционирањето.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека можеби треба постоечката Комисија да продолжи, или да се формира нова Комисија, во смисла да за наредната година се направи проекција, како за Врховниот суд, така и за Апелационите судови колку колеги ќе одат во пензија. Укажа дека има забелешки од судиите дека Советот доцни во процедурата за предвидување на човечки ресурси, како би можело тие судии што заминуваат во пензија да се сретнат со новите колеги и ги упатат во работата.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека апсолутно е во право претседателот на Советот, но не може постојната Комисија да се оптеретува, бидејќи таа има уште многу работа. Укажа дека на постојната Комисија и е друга задачата, а тоа е да се утврди бројот на судиските места. Посочи дека може да се формира нова Комисија која ќе направи проекција само за пензионирањата. Нагласи судската мрежа да не се меша со пензионирањата, да се формира нова Комисија и ќе се совпаднат двете.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека правењето на проекција не е некој проблем, бидејќи Советот има евиденција за сите судии кога одат во пензија, освен за случаите каде судиите заминуваат во пензија со 62 години старост. Укажа дека Комисијата којашто прави проекција за потребни кандидати за прием во Академија за судии и јавни обвинители врз основа на евиденцијата со која располага Советот има проекција за пензионирање, па Советот однапред знае во нарадните неколку години колку судии ќе бидат пензионирани.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор спроведе гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ извештајот е усвоен.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е исцрпена 7-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 8-та точка од Дневниот ред.

## Точка 8

(Донесување на Одлука за објавување на оглас за избор на претседатели на Виш управен суд, Основен суд Берово, Основен суд Делчево и Основен суд Крушево)

● По повод 8-та точка од дневниот ред претседателот на Советот **Сашко Георгиев** информираше дека и претходно е распишан оглас, но тоа што се констатира преку Комисијата е дека нема аплицирано кандидати и врз основа на тоа предложи да распише оглас за избор на претседатели на Виш управен суд, Основен суд Берово, Основен суд Делчево и Основен суд Крушево.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесена е следната:

О Д Л У К А

ДА СЕ ОБЈАВИ ОГЛАС ЗА избор на претседатели на Виш управен суд, Основен суд Берово, Основен суд Делчево и Основен суд Крушево.

Во продолжение претседателот на Советот Сашко Георгиев констатираше дека согласно чл.2 од Правилникот за начинот на формирањето на Комисија за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседател на суд, како и начинот на работење на Комисијата, во врска со донесена одлука за објавување оглас за избор на претседатели на судови, по спроведеното ждребување донесена е следната:

О Д Л У К А

Се формира КОМИСИЈА за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседатели на судови по донесена Одлука за објавување на оглас за избор на претседатели на Виш управен суд, Основен суд Берово, Основен суд Делчево и Основен суд Крушево бр.09-1904/1 од 02.10.2023 година, во состав од:

- м-р Тања Чачарова Илиевска – претседател на Комисијата
- Мери Радевска – член на Комисијата и
- м-р Антоанета Димовска – член на Комисијата.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е исцрпена 8-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 9-та точка од Дневниот ред.

**Точка 9**

(Престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија)

● По повод 9-та точка од дневниот ред претседателот на Советот **Сашко Георгиев** информираше дека по службена должност, согласно со евиденцијата со која располага Судскиот совет утврди дека Седат Реџепагиќ, судија на Основен кривичен суд Скопје, ги исполнува условите за остварување на правото на старосна пензија, бидејќи на ден 18.09.2023 година наполнил 64 години.

Истакна дека согласно чл.73 ст.1 ал.3 од Законот за судовите, в.в. со чл.54 ст.1 т.3 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија е предвидено дека судиската функција престанува ако судијата исполнил услови за старосна пензија.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа и откако никој не се јави за збор констатира дека е донесено следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува престанок на судиската функција на Седат Реџепагиќ, судија на Основен кривичен суд Скопје, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Решението влегува во сила од 26.09.2023 година.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е исцрпена 9-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 10-та точка од Дневниот ред.

**Точка 10**

(Формирање на Комисија на известители по поднесени барања за утврдување одговорност на судија/претседател на суд)

Врз основа на чл.39 ст.2 од Законот за Судски совет претседателот на Советот Сашко Георгиев предложи за 10-та точка од дневниот ред јавноста да се исклучи од седницата.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Судскиот совет заради заштита на угледот и интегритетот на судијата или кандидатот за судија со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот со право на глас ја исклучи јавноста од седницата за 10-та точка на дневниот ред.

Се констатира дека претставниците на медиумите и друга поширока јавност ја напуштија седницата.

[redacted]

[redacted]

[redacted]

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е исцрпена 10-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 11-та точка од Дневниот ред.

**Точка 11**
(Разно)

● По повод 11-та точка од дневниот ред претседателот на Советот **Сашко Георгиев** информираше дека од страна на Академијата за судии и јавни обвинители доставен е допис во кој се бара Судскиот совет да изземе двајца членови и нивни заменици од составот на Комисијата за приемен испит и двајца членови и нивни заменици од составот на Комисијата за завршен испит, од редот на судиите, претходно номинирани од страна на Судскиот совет.

Исто така извести дека од Академијата за судии и јавни обвинители доставен е допис во кој се бара Судскиот совет да предложи еден член на Програмскиот совет на Академијата, како и негов заменик, од редот на судиите поради истек на мандатот на досегашните.

Во продолжение претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека треба да и се укаже на Академијата дека Советот постапува по нејзиното барање и ќе предложи да се

повлечат двајца членови од Комисијата, но исто така Советот стои на мислењето дека одлучувањето за престанокот на мандатот на членовите на Комисјата е во надлежност на Академијата. Укажа дека Судскиот совет го нема мандатот да и наложи на Комисијата да продолжи да работи со 9 членови.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека согласно чл.71 од преодните и завршни одредби од Законот за Академија за судии и јавни обвинители

„Став 1 - Директорот, заменикот директор, членовите на Управниот одбор и на Програмскиот совет на Академијата именувани согласно со Законот за Академијата за судии и јавни обвинители ќе ја извршуваат должноста до завршување на мандатот за кој се избрани.

Став 2 - Комисијата за приемен испит, Комисијата за завршен испит и Комисијата за ревизија на одржаните испити, ќе ја извршуваат должноста до завршување на мандатот за кој се избрани.

Став - 4 Директорот, членовите на Управниот одбор, Програмскиот совет и на комисиите за приемен испит за ревизија на одржаните испити и за завршен испит на Академијата именувани во два мандата до денот на влегувањето во сила на овој закон според прописите кои важеле до денот влегувањето во сила на овој закон, немаат право на уште еден мандат според овој закон.

Укажа дека од тука повеќе од јасно е дека конкретната Комисија има мандат до завршување на работата. Комисијата е составена од поединечни кандидати и секој кандидат има свој мандат во таа Комисија. Посочи дека согласно одредбите од Законот Судскиот совет нема овластување и надвор е од Законот да Судскиот совет на било кој од предложените кандидати му се прекине мандатот. Нагласи дека не треба да се префрла топката на Судскиот совет, точно е дека согласно обврските од новиот Закон за Академијата за судии и јавни обвинители е намален бројот на членовите на Комисијата, дека има донесено внатрешни акти, меѓутоа не може правилникот и другите внатрешни акти да бидат над законот. Додаде дека ќе се направи грешка ако се исфрлат двајца од членовите и им се прекине мандатот и писмено да се обратат до Академијата дека Судскиот совет зазема став дека треба да се држат до Законот, согласно претходно цитираните одредби. Дополни дека имаат обврска да го почитуваат законот и немаат овластување да прекинат мандат на било кој од членовите на Комисиите.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека на став е дека никој нема право, а особено не Судскиот совет да ја оддолговлекува постапката, имајќи предвид дека барањето е од 7-ми месец. Бидејќи првпат не е ставено на седница, разгледувано е и на работен колегиум, доколку било кој имал дилема можел и претходно да се консултира, па дури и да достави иницијатива до Уставен суд за законитоста по однос на одредбата, а Судскиот совет не е тука да врши надзор на законитоста на одредени одредби. Претпоставува дека сега во тек е прием на кандидати за полагање на испит и се плаши дека само ќе се одолговлекува, особено што се чека од Судскиот совет последните двајца судии да ги номинира и да се заврши процесот. Укажа дека од таа причина прифатлив е предлогот на колегата Селим. Посочи дека ниту го кршат законот, ниту имаат можност да ја спорат законската одредба и уште помалку ќе си дозволи да ја одолговлекува постапката што зависи од Судскиот совет.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека при вакви чисти и јасни завршни одредби ќе се крши законот ако се оди спротивно на тоа. Укажа дека не се работи за одолговлекување, бидејќи има постоечка Комисија кој треба да ја продолжи и заврши работата. Посочи дека нема да гласа за незаконита одлука и никој од нив нема овластување спротивно на преодните и завршни одредби на еден чист и јасен закон. Нагласи дека внатрешните акти не може да бидат посилни од законот.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека во право е колешката Лорета со чл.72 и така е, како што вели, но прашањето е дали Судскиот совет е тој што води сметка за законито спроведување на Законот од страна на друг орган, во случајот на Академијата за судии и јавни обвинители и дали Советот треба со негово делување или не делување да кочи некој процес, во конкретниот случај во Академијата. Укажа дека секој орган кога формира свои тела во кој треба да членуваат членови од други субјекти, други правни лица, секогаш со допис бараат номинација на членови. Посочи дека во случајот Академијата тоа го направила со допис до Советот. Сега се бара да се иземат два члена. Дали го крши законот Академијата нека водат сметка други коишто се надлежни за спроведување на законитоста. Нагласи дека на Советот е да постапи по барањето на Академијата и во моментот најмалку е потребно да Акадмијата со допис тоа го проследува до надлежни други институции, па да биде повторно на мета дека Советот кочи некакви процеси во државата, дека Советот нема капацитет да постапува. Напомена дека од таа причина предлогот на колегата Селим е во ред.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и наведе дека Советот само дава предлог, кој предлог оди до највисокиот орган на Академијата којшто ја носи одлуката за едно лице предложено од страна на Советот ќе биде дел од определени органи или не. Укажа дека Советот не зема мандат. Посочи дека има lex specialis - Закон за академија, врз основа на кој закон е формиран орган со одговорно лице и тој е должен да внимава на законито работење на Академијата, а не Советот.

За збор се јави членот на Советот **Антоанета Димовска** и наведе дека не го дели мислењето на колешката Тања и колегата Селим. Укажа дека е точно дека Советот номинира кандидати, но тие со изборот добиваат мандат, а Советот сега треба да им го одземе мандатот. Посочи тогаш Академијата да им го одземе мандатот. Нагласи дека не се работи само за техничко прашање, се работи за суштинско прашање. Напомена дека тие веќе имаат мандат и проблемот е тука. Дополни дека не спорно дека Комисијата треба да продолжи да работи, а зошто има дилема не знае. Прецизира дека добро е што Акадмијата ги донела подзаконските акти, затоа што имаат обврска за тоа, но примената на Законот е сосема различно. Потенцира дека тие акти ќе важат од стапување на сила на Законот, па натаму. Објасни дека не се работи за опстукција и најмалку би сакала да ја опструира работата на Академијата, но се работи за примена на Закон.

За збор се јави членот на Советот **Миљазим Мустафа** и наведе дека ст.2 од чл.71 е многу јасен. Комисијата за приемен испит, за завршен испит, за ревизија, постоечката комисија, во постоечкиот состав, ќе ја извршува должноста до завршување на мандатот за кој се избрани.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека откако се искрастализира кој има мандат, кој го определува мандатот и кој го зема мандатот, а основ за изземање Советот нема, зборот изземање е неадекватен и смета дека најрационално би било да се укаже на примената на Законот,  а на крајот дека се остави на Академијата сама да одлучи кои членови да ги повлече од Комисиите без да се посочуваат имиња.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека кога Советот номинира од сите судии номинира двајца или четворица и многу е непријатно за останатите судии. Укажа дека не може да се префрла топката на Академијата, бидејќи тие се номинирани од Судскиот совет.

За збор се јави членот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека Судскиот совет треба да постапи по дописот доставен од страна на Акадмијата која известува дека треба да се повлечат двајца членови и ќе се образложи дека Судскиот совет смета дека согласно чл.71 на постоечките членови не може да им се прекине мандатот, но да не произлезе дека Судскиот совет е кочничар на процесите ќе предложи да се повлечат двајца членови и двајца заменици.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот на членот на Советот Селим Адеми за начинот на кој ќе се формулира дописот до Академијата го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 7 гласа „За“ и 4 гласа „Против“ предлогот е усвоен.

Во продолжение претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека нема личен предлог, но да се внимава да остане еден судија од управното судство, бидејќи станува збор за управна постапка и тоа треба да се има во предвид.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека се согласува со предлогот на колешката Весна да биде присутен судија од управното судство со оглед на тоа да станува збор за управна материја. Укажа предлогот за судијата Чичаковски од Управиот суд да остане, а аргумент плус е дека истиот е претседател на Комисијата за приемен испит.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека се согласува дека од управното судство треба да има еден преставник и се согласува дека судијата Чичаковски е со сите квалитети, професионални и лични, меѓутоа посочи да се води смета за застапеност од другите апелациони подрачја.

За збор се јави членот на Советот **Селим Адеми** и предложи од Комисијата за приемен испит да се изземат: Наталија Донева, судија на Основен граѓански суд Скопје, член; Емине Мурати, судија на Основен суд Гостивар, заменик член; Сузана Милевска,

судија на Основен суд Кочани, член и Софија Спасова Медарска, судија на Основен граѓански суд Скопје, заменик член.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека посакува од сите апелациони подрачја да се опфатени, но да се има во предвид дека некогаш ќе треба веднаш да се реагира и размислува во насока да покрај застапеност од управното судство, вториот критериум е да биде од Скопје, бидејќи ќе треба да се плаќаат трошоци, ќе треба да се останува ноќе, ќе треба да се реагира брзо.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и наведе дека се разговара и одлучува за повлекување. Укажа дека да не се опфаќаат имиња за кои нема потреба. Посочи дека не се одлучува за номинирање, се одлучува за повлекување.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека записниците ќе се објавуваат, ќе бидат читани и ќе им се смеат. Укажа дека е срамно да се каже дека судии со по 18 години работно искуство, со цел кредибилитет и квалитет дека само заради тоа што не живееле во Скопје дека немаат право да членуваат во комисии. Праша како си допуштила колешката таква дискусија? Нагласи дека треба да се побара известување од Академијата дали нивното не живеење во Скопје било пречка истите да одолговлекуваат, да не бидат присутни на седници, да не ги извршуваат обврските во Академијата. Прецизира дека претседателот на Советот и самата доаѓаат од исто апелационо подрачје и доблесно е и тој да застане на линија да бидат застапени и другите апелациони подрачја.

За збор се јави членот на Советот **Антоанета Димовска** и наведе бидејќи ја познава судијата Наталија Донева и ја цени нејзината професионалност и ангажман во Академијата, предлага истата да остане, а да се повлече некој друг. Укажа дека не може да цени за останатите, но може да каже за оној човек што го познава.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека ги кажала причините, поради трошоците, но тоа не се основините причини. Укажа дека не сака да биде погрешно сватена, почит спрема сите колеги. Посочи дека за предметната Комисија некогаш и треба брзо да се реагира. Нагласи дека можеби на судијата и да му е терет да доаѓа ноќе и да останува со преспивање. Напомена дека од таа причина е нејзиниот предлогот да биде од Скопје и да биде управен судија. Потенцира дека ќе го прифати предлогот на колегата Селим, бидејќи ги исполнува нејзините критериуми и замоли да не се извртуваат фактите.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека лично не ја познава повеќе од тоа како добар судија, меѓутоа Наталија Донева има еклузивитет во Акадмијата цели 20 години, цел работен век како судија го минува во сите можни комисии во Акадмија. Укажа дека дискриминаторски им прекинува мандат на колешки од нејзиното апелационо подрачје, без основа. Посочи дека никој од нив не било да не одговорил на работните обвски.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот на членот на Советот Селим Адеми од Комисијата за приемен испит да се изземат: Наталија Донева, судија на Основен граѓански суд Скопје, член; Емине Мурати, судија на Основен суд Гостивар, заменик член; Сузана Милевска, судија на Основен суд Кочани, член и Софија Спасова Медарска, судија на Основен граѓански суд Скопје, заменик член го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 8 гласа „За“ и 3 гласа „Против“ предлогот е усвоен.

Во продолжение претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа.

Процедурално за збор се јави членот на Советот **Павлина Црвенковска** и истакна дека се иззема од расправата и одлучувањето за Комисијата за завршен испит од причини кои можат да ја доведат во прашање непристрасноста при одлучувањето, односно бидејќи нејзината ќерка е слушател на Академијата.

*Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека членот на Советот Павлина Црвенковска ја напушти седницата.*

Претседателот на Советот Сашко Георгиев откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот за изземање на членот на Советот Павлина Црвенковска го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 9 гласа „За“ и 1 гласа „Против“ предлогот е усвоен.

За збор се јави членот на Советот **Селим Адеми** и предложи од Комисијата за завршен испит да се изземат: Васил Баткоски, судија на Апелационен суд Битола, член; Јасмина Шишковска Стојковиќ, судија на Основен суд Прилеп, заменик член; Розалинда Ристевска, судија на Апелационен суд Скопје, член и Гордана Сајковска, судија на Апелационен суд Скопје, заменик член.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека во оваа Комисија нема да има такви проблеми како во претходната Комисија и согласна е да има застапеност на судии од другите апелациони подрачја.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека не е во ред, се одлучува за имиња и се селективни. Посочи дека смешно е ретерирањето во ставовите.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот на членот на Советот Селим Адеми од Комисијата за завршен испит да се изземат: Васил Баткоски, судија на Апелационен суд Битола, член; Јасмина Шишковска Стојковиќ, судија на Основен суд Прилеп, заменик член; Розалинда Ристевска, судија на Апелационен суд Скопје, член и Гордана Сајковска, судија на Апелационен суд Скопје, заменик член го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 7 гласа „За“ и 3 гласа „Против“ предлогот е усвоен.

*Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека членот на Советот Павлина Црвенковска повторно е присутна на седницата.*

Во продолжение претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и предложи за член на Програмскиот совет на Академијата да биде колегата Ивица. Истакна дека ги исполнува критериумите што се потребни.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и колешката Антоанета ја предложи за заменик на Програмскиот совет.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** и ги предложи колегите Мирсад Суроj како член на Програмски совет и Сашко Георгиев како заменик.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот на членот на Советот Мери Радевска и членот на Советот Тања Чачарова Илиевска м-р Ивица Николовски, судија на Основен суд Тетово, за член на Програмскиот совет на Академијата и м-р Антоанета Димовска, судија на Основен граѓански суд Скопје, за заменик член на Програмскиот совет на Академијата го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 11 гласа „За" и ниту еден глас „Против" предлогот е усвоен.

*Напомена: Со оглед дека предлогот на членот на Советот Мери Радевска и членот на Советот Тања Чачарова Илиевска е усвоен едногласно во продолжение не се спроведе гласање за предлогот истакнат од страна на заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели.*

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и се заблагодари на искажаната доверба. Укажа дека со довербата на колегите се стекнува со право да биде дел од Академијата, но истовремено и обврска задено со нив да се посветат на сите прашања кои ќе бидат дел од нивните надлежности. Посочи дека е нивен преставник и така и ќе настапува.

● По повод следната потточка од дневниот ред претседателот на Советот Сашко Георгиев информираше дека од страна на судијата Благица Ѓошевска на ден 18.09.2023 година доставен е допис до Судскиот совет на РСМ, заведен под бр. 02-1824/1, во кој наведува дека на 03.10.2023 година истекува периодот за кој е времено упатена во Основниот граѓански суд Скопје и поради тоа што со место на живеење е во Скопје, а заради големиот број на предмети по кои постапувал судот и имал потреба од повеќе судии согласна е времено да биде упатена во Основниот граѓасни суд Скопје за уште една година.

Истакна дека во конкретниот случај се исполнети условите од чл.39 ст.9 од Законот за судовите, еден судија од Основниот суд Крива Паланка да биде упатен да ја

извршува судиската функција во Основниот граѓански суд Скопје од причина што во Основниот граѓански суд Скопје е намален бројот на судии, со што се доведува во прашање ажурноста и тековното работење на судот.

Процедурално за збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и истакна дека се иззема од расправата и одлучувањето по барањето за временото упатување на судијата Благица Ѓошевска од причини кои можат да ја доведат во прашање непристрасноста при одлучувањето, односно бидејќи за фирмата на нејзиниот сопруг се водат постапки пред Основниот граѓанскиот суд Скопје, а дел од нив се распределени во работа на предметниот судија.

*Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека членот на Советот Весна Дамева ја напушти седницата.*

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека е против известувањето од колешката да се стави како предлог за изземање, заради наведените причини - нејзниот сопруг, односно фирмата каде што тој е управител имала постапки. Укажа дека тоа не е причина за изземање ниту кога било прашање за Комисијата за оценување.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот за изземање на членот на Советот Весна Дамева го стави на гласање.
По гласањето констатира дека со 6 гласа „За“ и 4 гласа „Против“ предлогот е усвоен.

Во продолжение претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на членот на Советот Лорета Горгиева во својство на координатор.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека на Граѓанскиот суд му требаат судии. Укажа дека е во ред доброволното пријавување од страна на колешката. Укажа дека дури ќе даде и предлог, бидејќи е исцрпен списокот за Академци, ако судијата живее во Скопје, да се објави оглас, да не биде делегирана секоја година, па да продолжи да го тера мандатот.

Во продолжение претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Антоанета Димовска** и наведе дека сите ги знаат потребите на Граѓанскиот суд. Укажа дека колешката лично ја познава, стручна е, вредна е, има уште малку до пензија и штета што нема распишано оглас да конкурира. Посочи дека треба да се усвои нејзиното барање.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот Благица Ѓошевска, судија на Основен суд Крива Паланка, времено да се упати за вршење на судиската функција во Основниот граѓански суд Скопје го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесено е следното:

Р Е Ш Е Н И Е

БЛАГИЦА ЃОШЕВСКА, судија на Основен суд Крива Паланка, времено се упатува за вршење на судиската функција во Основниот граѓански суд Скопје, сметано од 03.10.2023 година, за период од 1 (една) година од денот на упатувањето.

За упатувањето да се извести претседателот на Основен суд Крива Паланка и претседателот на Основниот граѓански суд Скопје.

Откако повеќе никој од членовите на Советот не се јави за збор претседателот на Советот Сашко Георгиев констатираше дека е исцрпен дневниот ред за 455-та седница на Советот и дека истата е завршена во 15:30 часот.

**Напомена:** Тонскиот запис е составен дел на овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Претседател,
Сашко Георгиев

**Изработил:** Ален Раденковиќ
**Одобрил**: Емилија Николиќ